РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1783/8
06. 03 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и осмата седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

## **Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице -------------------, бидејќи не се утврдени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1783/1 од 16.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-1783/1 од 16.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител за постоење на непотизам при именување на лицето ---------- за ВД Директор на ЈЗУ Здравствен дом ------, како и сомнеж во однос на потребното образование, односно валидноста на неговата диплома.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈЗУ Здравствениот дом со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од предметот.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени во законскиот рок и по извршениот увид во истите се констатирани следниве состојби:

Службеното лице------------ поседува диплома за високо образование издадена од --------- универзитет на 24.05.2013 година и е приложена како доказ, со што не се потврдуваат наводите од пријавата дека наведеното лице нема соодветно образование. Истото лице во четири наврати е именувано за ВД Директор согласно решенија на Министерот за здравство . По завршување на секои шест месеци, Министерот за здравство носи решение за разрешување на лицето ----------, а потоа решение за повторно именување на наведената функција.

Во текот на своето постапување по повеќе предмети, ДКСК обезбеди докази дека во јавните здравствени установи е пракса повеќекратното назначување на Вршител на должност, без распишување на конкурс за именување на директор. Како резултат на ваквите состојби од Министерство за здравство беа побарани податоци за постапката и начинот за назначување на Вршителите на должност во повеќе здравствени установи како

објаснување на причините за нивно повеќекратното назначување за Вршители на должност. Согласно информациите добиени од Министерството за здравство, немањето доволен број на лица со положен испит за директори е главната причина за именување на вршители на должности директори на ЈЗУ, наместо избор на директор на ЈЗУ врз основа на јавен конкурс согласно член 107 и 108 од Законот за здравствена заштита.

Во текот на јули 2019 година, направени се измени во Законот за здравствената заштита (Сл. Весник на РСМ 153/2019 од 26.07.2019 година) со кои измени одредбите за полагање и начинот на полагање на испит се укинати.. Со тоа е надмината пречката за спроведување соодветна постапка за избор на директор согласно член 107 од Законот за здравствена заштита.

По споменатите измени во Законот за здравствената заштита, во ЈЗУ Здравствен дом ------- е спроведена постапка за избор на директор согласно член 107 и 108 од Законот за здравствена заштита, при што со решение на Министерство за здравство бр. 11-8454/3 од 20.12.2019 година за директор е именуван -------------.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: Катица Николовска – член на ДКСК